Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 21-08. 2017
Орг. единица 01 | Број 3724 | Прилог 1 | Вредност

# Анализа на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година

Август, 2017 година

## СОДРЖИНА:


1. Вовед ........ 3

2. Нормативна рамка ........ 5

2.1. ЗАКОН ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ........ 5

2.2. ИЗБОРЕН ЗАКОНИК ........ 5

2.3. ЗАКОН ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ ........ 8

3. Прекршочни постапки поведени од Агенцијата по повод Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои беа закажани за 5 јуни 2016 година ........ 10

4. Прекршочни постапки поведени од Агенцијата за Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 11-ти декември 2016 година ........ 15

4.2. ПОВЕДЕНИ ПРЕКРШОЧНИ ПОСТАПКИ СО БАРАЊЕ ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ ГЛОБА 22

4.2.1. Исход од поведените прекршочни постапки – глоби ........ 24

5. Компаративна анализа на исходот од постапките за порамнување во изборни циклуси во периодот од 2011 – 2016 година ........ 31

6. Согледувања за начинот на толкувањето на прописите од страна на основните судови во врска со спроведувањето на забрзани постапки за порамнување од страна на Агенцијата ........ 33

7. Согледувања за почитувањето на рокот за одлучување на судовите и за определувањето на рокот од страна на судот во кој може да се изјави жалба против првостепената одлука ........ 35

8. Заклучни согледувања ........ 37

9. Препораки ........ 39

Прилог бр.1 ........ 41

Прилог бр.2 ........ 43

Прилог бр. 3 ........ 54

# 1. Вовед

Целта на Анализата на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година за сторени повреди на одредби од Изборниот законик[1] е согледување на резултатите од поведените прекршочни постапки, идентификување на факторите кои влијаеа на донесените судски одлуки во овие постапки, како и давање препораки со цел подобрување на изборната регулатива. Анализата ги детектира проблемите и предизвиците со кои се соочи регулаторното тело при имплементацијата на Изборниот законик и Законот за прекршоците, од аспект на своите надлежности во однос на поведувањето на прекршочни постапки.

Овој изборен циклус се карактеризираше со одредени специфики, како во однос на распишувањето на изборите, нивното презакажување, надлежностите на Агенцијата и на Привремената комисија за следење на медиумско претставување, така и во однос на однесувањето на радиодифузерите кон предложените постапки за порамнување, и крајно во однос на постапувањето на судовите при носењето на нивните одлуки. Сето ова се рефлектираше на прекршочните постапки, односно на прекршочно правната заштита во изборниот процес.

Со оглед дека во 2016 година предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија беа распишувани во два наврати, оваа анализа ги опфаќа прекршочните постапки поведени за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија планирани да се одржат на 24 април 2016 година, а подоцна распишани за 5 јуни 2016 година, кои избори не се одржаа, како и прекршочните постапки поведени за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои се одржаа на 11 декември 2016 година.

Во анализата најнапред во глава 2 даден е приказ на релевантната нормативна рамка која ја позиционира Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во изборниот процес. Потоа, во глава 3 разработени се прекршочните постапки поведени за време на закажаните но неодржани Предвремени парламентарни избори во 2016 година. Главата 4 од анализата ги опфаќа прекршочните постапки за Предвремените парламентарни избори одржани на 11-ти декември 2016 година, во рамките на која опфатени се прекршочните постапки со опомени (4.1) и исходот од овие постапки (4.1.1), како и прекршочните постапки со глоби (4.2) и исходот од овие постапки (4.2.1). Понатаму, во глава 5 прикажана е компаративна анализа на исходот од постапките за порамнување

[1] Изборен Законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16)

низ изминати изборни години, а во глава 6 дадени се согледувања за начинот на толкувањето на прописите од страна на основните судови во врска со забрзаните постапки за порамнување. Главата 7 од оваа Анализа, ги опфаќа согледувањата за почитувањето на рокот за одлучување на судовите и за определувањето на рокот од страна на судот во кој може да се изјави жалба против првостепената одлука. Заклучните согледувања произлезени врз основа на анализираните податоци се прикажани во глава 8, додека пак препораките се дадени во главата 9. На крајот на анализата приложени се прегледи на поднесените барања за поведување на прекршочни постапки со детални податоци за постапките – Прилог бр.1, Преглед на прекршочните постапки поведени за време на неодржаните предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои беа закажани за 5 јуни 2016 година, Прилог бр.2, Преглед на прекршочните постапки со барања за изрекување опомени, поведени за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 11 декември 2016 година и Прилог бр.3, Преглед на прекршочните постапки со барања за изрекување глоби, поведени за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 11 декември 2016 година.

Анализата на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година го опфаќа периодот од 15 април 2016 година, кога со Решение бр.09-2194/1 од 15.04.2016 година, донесено од страна на претседателот на Собранието на Република Македонија беа распишани предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои требаше да се одржат на 5 јуни 2016 година, заклучно до 31 јули 2017 година.

## 2. Нормативна рамка

### 2.1. Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Во членот 96 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги[2] е пропишано дека за време на изборната кампања радиодифузерите се должни да ги почитуваат прописите со кои се регулираат изборите во Република Македонија, како и дека Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врши активности поврзани со изборите во Република Македонија во согласност со прописите со кои се регулираат изборите во Република Македонија.

### 2.2. Изборен законик

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 76-в став 1 и став 3 од Изборниот законик е должна да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите, така што Агенцијата е должна во рок од 48 часа по утврдувањето на прекршувања на одредбите од овој законик, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд против радиодифузерот што ги повредил одредбите од Изборниот законик.

Во текот на 2015 година – 2016 година по скратена постапка беа донесени шест измени и дополнувања на Изборниот законик. Во продолжение на оваа анализа апострофирани се измените и дополнувањата на Изборниот законик коишто влијаеа на постапувањето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од аспект на нејзината надлежност за покренување прекршочна постапка против радиодифузер за повреда на одредбите од Изборниот законик.

Со Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик[3] од ноември 2015 година, се измени рокот во кој Агенцијата е должна да покрене прекршочна постапка, рокот во кој надлежниот суд е должен да одлучи по барањето на Агенцијата и рокот во кој може да се изјави жалба против одлуката на надлежниот суд. Па така, со овие измени и дополнувања се утврди дека Агенцијата е должна во рок од 48 часа по утврдувањето на

---

[2] Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16)

[3] Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.196/15).

прекршувања на одредбите од Изборниот законик да покрене прекршочна постапка пред надлежен суд (наместо претходното законско решение - три дена), понатаму се пропиша дека надлежниот суд е должен по барањето за поведување на прекршочна постапка на Агенцијата да одлучи во рок од 48 часа од денот на приемот на барањето (наместо претходното законско решение – рок од три дена), како и се утврди дека против одлуката на надлежниот суд може да се изјави жалба во рок од 24 часа од приемот на одлуката (наместо претходното законско решение - 48 часа).

Со измените и дополнувањата на Изборниот законик од ноември 2015 година година, целосно се измени членот 178-а, кој изрично пропишуваше дека пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд се спроведува постапка за порамнување согласно Законот за прекршоците, така што со изменетиот член се пропиша единствено дека за прекршоците предвидени во Изборниот законик прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд. Исто така, со овие измени и дополнувања на Изборниот законик се зголемија глобите пропишани за повреда на неговите одредби.

Во рамките на овие измени и дополнувања на Изборниот Законик од ноември 2015 година, а во врска со Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година, кои беа планирани да се одржат на 24 април 2016 година, се пропиша дека е забрането платено политичко рекламирање кај радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) во периодот од 20 декември 2015 година до денот на почетокот на изборната кампања за предвремените парламентарни избори во 2016 година, како и се утврди дека од денот на влегувањето во сила на овој Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик до денот на одржување на предвремените избори за пратеници, кои беа планирани да се одржат на 24 април 2016 година, радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) не смеат да емитуваат, односно да објавуваат реклами финансирани од Буџетот на Република Македонија, од буџетите на општините и на градот Скопје и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни овластувања.

Со оглед дека со решение на Собранието на Република Македонија во април 2016 година предвремените избори за пратеници, наместо за 24 април 2016 година се распишаа за 5 јуни 2016 година, во февруари 2016 година Изборниот законик се измени[4], така што кај претходно споменатите пропишани забрани за радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) за платено политичко рекламирање, како и за емитување, односно објавување реклами финансирани од Буџетот на Република

[4] Закон за изменување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.35/16)

Македонија, од буџетите на општините и на градот Скопје и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни овластувања, претходно утврдениот рок за одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија – 24 април 2016 година, се замени со датумот 5 јуни 2016 година.

Закон за изменување на Изборниот законик се донесе и во мај 2016 година[5], со која измена се избриша членот 83 кој пропишуваше дека до денот на одржување на предвремените избори за пратеници, кои беа планирани да се одржат на 24 април 2016 година односно кои подоцна беа распишани за 5 јуни 2016 година, радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) не смеат да емитуваат, односно да објавуваат реклами финансирани од Буџетот на Република Македонија, од буџетите на општините и на градот Скопје и на сите други лица на кои со закон им е доверено вршење на јавни овластувања.

Потоа, во август 2016 година Изборниот законик се измени и дополни[6], по повод предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои се одржаа на 11 декември 2016 година. Со овие измени и дополнувања се намалија пропишаните глоби за радиодифузерите и одговорните лица за сторени повреди на одредбите на Изборниот законик, како и се утврди дека правилата за медиумско претставување (од членовите 75, 75-а, 75-б, 75-в, 75-г, 75-д и 76-в и 76-г од Изборниот законик), ќе се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година. Со овие измени и дополнувања на Изборниот законик, во рамките на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се формираше Привремена комисија за следење на медиумско претставување која беше должна да врши мониторинг на спроведување на одредбите од членовите 75, 75-а, 75-б, 75-в, 75-г, 75-д, 75-ѓ, 76, 76-а, 76-б, 76-в, 76-г и 77 од Законикот, при што се утврди обврска за Агенцијата да постапува по предлозите на Привремената комисија и да поведува постапка согласно Изборниот законик. Исто така, со овие измени и дополнувања на Изборниот законик се утврди дека просторните, техничките и финансиските услови за работа на Привремената комисија ги обезбедува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. За прекршувањата на одредбите од Изборниот законик од страна на радиодифузерите, за кои се утврдени глоби во членовите 181, 181-а, 182, 183, 183-а и 189-а од истиот законик, се пропиша дека доколку прекршокот е сторен за прв пат судот ќе изрече прекршочна санкција опомена, а доколку прекршокот се повтори, судот ќе изрече глоба во износ утврден во Изборниот законик. Овие измени и дополнувања на

---

[5] Закон за изменување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.97/16)

[6] Закон за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.142/16)

Изборниот законик се утврди дека се применуваат до денот на завршување на изборниот процес на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.

### 2.3. Закон за прекршоците

Законот за прекршоците[7] ги нормира општите услови за пропишување на прекршоците и прекршочните санкции, општите услови за утврдување на прекршочната одговорност, за изрекувањето и извршувањето на прекршочните санкции, забрзаните прекршочни постапки и се пропишува прекршочната постапка што ја водат судовите, односно прекршочните органи.

Надлежните државни органи овластени за поведување на прекршочна постапка, согласно член 47 став 2 од Законот за прекршоците, се должни да му предложат на сторителот на прекршокот една од забрзаните постапки (постапка за издавање на прекршочен платен налог), пред да поднесат барање за поведување на прекршочна постапка.

Целта на забрзаните постапки е постигнување на согласност на сторителот на прекршокот и надлежните органи овластени за поведување на прекршочна постапка за отстранување на штетните последици на сторениот прекршок и спречување на повторно вршење на прекршоци и поради тоа избегнување на водење прекршочна постапка пред надлежниот суд односно прекршочен орган.

Законот за прекршоците пропишува дека надлежниот суд од своја страна по службена должност внимава дали е спроведена забрзана постапка за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог. Кога овластениот орган за поведување на прекршочна постапка ќе констатира прекршок составува записник во кој ги забележува битните елементи на дејствието од кое произлегува правното обележје на прекршокот, времето, местото и начинот на сторувањето на прекршокот, описот на дејствието и лицата затекнати на самото место, како и дава предлог за порамнување со издавање на мандатен односно прекршочен платен налог. Ако сторителот го признае делото што му се става на товар или ако овластеното службено лице прекршокот го утврди лично или го утврди со употреба на соодветни технички средства и направи, службеното лице веднаш ќе издаде прекршочен платен налог. Прекршочниот платен налог содржи лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патната исправа и

[7] Закон за прекршоците („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15)

држава, а за правното лице, назив, седиште и даночен број, местото и времето на сторување на прекршокот, правната квалификација на прекршокот, износот на глобата, бројот на сметката за плаќање и правна поука. По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог сторителот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во законски предвидениот рок плаќа половина од изречената глоба. Ако сторителот не ја плати глобата во рок од осум дена од денот на приемот на прекршочниот платен налог, службеното лице поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

### 3. Прекршочни постапки поведени од Агенцијата по повод Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои беа закажани за 5 јуни 2016 година

Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, беа планирани да се одржат на 24 април 2016 година, односно беа распишани за 5 јуни 2016 година, кои избори не се одржаа. Во рамките на своите законски должности согласно член 76-в ставови 1 и 3 од Изборниот законик, да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите и електронските медиуми (интернет порталите) во Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите и по утврдување на прекршувањето во рок од 48 часа да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд против радиодифузерот или електронскиот медиум (интернет портал) кој ги повредил одредбите од Изборниот законик, во мај 2016 година, при извршен надзор над изборното медиумско претставување, Агенцијата констатираше дека 3 (три) трговски радиодифузни друштва кои поседуваат дозвола за телевизиско емитување на државно ниво преку дигитален терестријален мултиплекс, сторија повреда на член 75-б од Изборниот законик односно дека известуваа за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје во функција на изборно медиумско претставување на политички субјект. За овие констатирани повреди на Изборниот законик, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до надлежниот суд поднесе три барања за поведување на прекршочна постапка против тројца радиодифузери, со барање за изрекување прекршочна санкција - глоба. Едно од трите поднесени барања за поведување на прекршочна постапка од страна на првостепениот суд ѝ беше вратено на Агенцијата заради задолжително спроведување на забрзана постапка за порамнување согласно одредбите од Законот за прекршоците, бидејќи по наоѓање на судот неспроведената постапка за порамнување, претставувала пречка за поведување на прекршочната постапка од страна на судот.

Следствено на дадената насока од страна на судот, регулаторното тело на сторителите на прекршокот (радиодифузерот и неговото одговорно лице) им предложи забрзани постапки за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог. Со оглед на фактот што сторителите на прекршокот не се согласија со истата, забрзаната постапка за порамнување заврши неуспешно. По неуспешната забрзана постапка за порамнување, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во јуни 2016 година до првостепениот суд повторно го поднесе барањето за поведување на прекршочна постапка. Пет месеци по денот на приемот на Барањето, односно во декември 2016 година првостепениот суд донесе решение со кое го отфрли Барањето за поведување на прекршочна постапка поднесено од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни

медиумски за повреда на член 75-б од Изборниот законик, бидејќи дејствието опишано во Барањето по наоѓање на судот не е прекршок. Во образложение за ваквото наоѓање, првостепениот суд наведе дека Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија донесена на 25.05.2016 година за поништување на Одлуката за распуштање на Собранието на Република Македонија, („Службен весник на Република Македонија" бр.9/2016) и Одлуката за изменување на Одлуката за распуштање на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.33/2016), имала реперкусии врз предизборниот период кој пролонгиран, почнувајќи од 24 февруари 2016 година течел, се прекинувал и запирал, што наметнало потреба од екстензивно толкување на законските одредби на Изборниот законик при одлучувањето за ова Барање за поведување прекршочна постапка. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во декември 2016 година поднесе жалба на решението на првостепениот суд со кое беше отфрлено барањето за поведување на прекршочна постапка од страна на Агенцијата, која се темелеше на тоа дека прекршокот констатиран од страна на регулаторното тело обвинетите го сториле кога биле распишани предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во месец јуни 2016 година, кога во важност биле сите релевантни законски одредби согласно кои дејствијата на обвинетите биле пропишани како противправно дело – прекршок и за кое дело била пропишана прекршочна санкција по Изборниот законик, и во период кога Агенцијата имала законска должност да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија, и во рок од 48 часа да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд против радиодифузерот кој ги повредил одредбите од Изборниот законик. И покрај тоа што жалбата на Агенцијата беше поднесена во декември 2016 година, а согласно Изборниот законик второстепениот суд беше должен по жалбата да одлучи во рок од 48 часа од денот на приемот на жалбата, до моментот на изработка на оваа анализа, до Агенцијата не е доставена одлука од второстепениот суд по повод вложената жалба.

Во однос на преостанатите две Барања за поведување на прекршочна постапка поднесени против радиодифузерите (и одговорните лица) кои во овој период сториja повреда на член 75-б од Изборниот законик, а имајќи предвид дека првостепениот суд ни по истекот на десет месеци од денот на нивното поднесување не достави покани за рочиште, ниту пак достави одлука, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во април 2017 година, до Основниот суд Скопје I Скопје поднесе ургенции, со цел регулаторното тело да биде известено за текот и фазата во која се наоѓаат овие прекршочни постапки.

Основниот суд Скопје I Скопје во април 2017 година до Агенцијата достави пресуда за една од двете прекршочни постапки за кои беа доставени ургенциите од страна на Агенцијата. Со Пресудата, првостепениот суд ги ослободи од одговорност обвинетите

за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои беа распишани за 5 јуни 2016 година, а кои избори не се одржаа, во рамките на кој приказ опфатен е и исходот односно статусот на овие прекршочни постапки во моментов на објавување на анализата.




Слика бр.1

Поведени прекршочни постапки од страна на АААВМУ
за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија,
распишани за 5 јуни 2016 година, кои избори не се одржаа

Како што може да се види и на сликата погоре, трите прекршочни постапки од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се поведени за иста повреда на Изборниот Законик, сторена од страна на 3 (тројца) радиодифузери кои известувале за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје во

(радиодифузерот и одговорното лице) бидејќи по наоѓање на судот обвинетите не го сториле прекршокот што им се става на товар (член 119 став 1 точка 9 од Законот за прекршоците). Во образложението на оваа одлука, првостепениот суд наведува дека Уставниот суд на Република Македонија со Одлука У.бр.104/16 од 18.05.2016 година повел постапка за оценка на уставноста на Одлуката за распуштање на Собранието на Република Македонија и го запрел извршувањето на истата, па така одржувањето на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија било одложено за 11.12.2016 година, поради што дејствијата што ги презеле обвинетите не претставувале прекршок, бидејќи во тој период предвремените избори биле одложени, поради што судот донел одлука да се донесе ослободителна пресуда спрема обвинетите. Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во април 2017 година вложи жалба на ваквата пресуда на првостепениот суд (со која радиодифузерот и одговорното лице на радиодифузерот се ослободуваат од одговорност), која се темелеше на тоа дека прекршокот констатиран од страна на Агенцијата обвинетите го сториле кога биле распишани предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во месец јуни 2016 година, кога во важност биле сите релевантни законски одредби согласно кои дејствијата на обвинетите биле пропишани како противправно дело – прекршок и за кое дело била пропишана прекршочна санкција во Изборниот законик, и во период кога Агенцијата имала законска должност да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија, и во рок од 48 часа да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд против радиодифузерот кој ги повредил одредбите од Изборниот законик. Исто така, во жалбата беше наведено дека барањето за поведување на прекршочна постапка, Агенцијата до надлежниот суд го поднесе на 13 мај 2016 година, а Одлуката на Уставниот суд У.бр.104/2016 година од 18.05.2016 година, следи по поднесувањето на Барањето за поведување на прекршочна постапка. До моментот на изработка на оваа анализа, до Агенцијата не е доставена одлука од страна на второстепениот суд по вложената жалба од страна на регулаторното тело.

Што се однесува до третото поднесено барање за поведување на прекршочна постапка против радиодифузер и неговото одговорно лице, за сторена повреда на одредба од Изборниот законик за Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои беа распишани за 5 јуни 2016 година, а кои избори не се одржаа, првостепениот суд ни по истекот на една година од денот на неговото поднесување нема доставено покана за рочиште, ниту пак има доставено одлука до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во продолжение на оваа анализа на слика бр.1 сумарно се прикажани поведените прекршочни постапки од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

функција на изборно медиумско претставување на политички субјект и дека тие се во тек. Една прекршочна постапка е во тек пред првостепениот суд (судот нема доставено ниту покана за рочиште ниту одлука). Преостанатите две прекршочни постапки се во тек пред второстепениот суд, едната во постапка по жалба на Агенцијата поднесена против решението со кое првостепениот суд го отфрли нејзиното барање, бидејќи дејствието опишано во истото, по наоѓање на судот не е прекршок, и другата во постапка по жалба на Агенцијата против пресуда со која првостепениот суд ги ослободи од одговорност обвинетите бидејќи по наоѓање на судот обвинетите не го сториле прекршокот што им се става на товар.

Прегледот на прекршочните постапки поведени за време на неодржаните предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои беа закажани за 5 јуни 2016 година, со детални податоци за постапките е даден во прилог на оваа Анализа како Прилог број 1.

## 4. Прекршочни постапки поведени од Агенцијата за Предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 11-ти декември 2016 година

За време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои се одржаа на 11-ти декември 2016 година, а согласно законското решение утврдено во Изборниот законик – Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да постапува по предлозите на Привремената Комисија и да поведува постапка согласно Изборниот законик, од страна на Стручната служба беа изработени вкупно 260 предлози, кои Привремената комисија за следење на медиумско претставување ги достави до директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.




Слика бр.2 Приказ на доставени предлози од страна на Привремената комисија за следење на медиумско претставување до директорот на Агенцијата

Од вкупно 260 предлози кои од страна на Привремената Комисија беа доставени до директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 192 предлога беа за неизрекување мерка, 68 предлози беа за изрекување мерка – поведување прекршочна постапка до надлежниот суд, а 1 (еден) предлог од страна на Привремената Комисија беше за повлекување на 1 (едно) барање за поведување на прекршочна постапка со барање судот да изрече глоба согласно одредбите од Изборниот законик[8].

[8] Предлогот е достапен на http://www.avmu.mk/images/Predlog_za_sopiranje_postapka_TV_Alfa.pdf




Слика бр.3 Графички приказ на најчести повреди на одредбите од ИЗ за кои АААВМУ поведе прекршочни постапки - опомени

Видно од сликата бр.3 од оваа Анализа, се забележуваат најчестите повреди на одредбите од Изборниот законик сторени од страна на радиодифузерите за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 11-ти декември 2016 година, за кои повреди на законикот од страна на Агенцијата беа поведени прекршочни постапки со предлог за изрекување опомени  и тоа:

(10) Десет прекршочни постапки со предлог за изрекување опомени од вкупно 43 вакви постапки кои беа поведени за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 11 декември 2016 година, беа поведени против радиодифузерите кои го прекршија изборниот молк (член 76-б став 3 од Изборниот Законик).

Во (9) девет наврати беа поведени прекршочни постапки со барање за изрекување опомени против девет радиодифузери кои на својата програма емитуваааа повеќе од 8 минути платено политичко рекламирање во еден реален час за политичките партии на власт или опозиција или заради емитување повеќе од 1 минута платено политичко рекламирање (ППР) за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои немаат пратеничка група и за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија (член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик).

(8) Осум прекршочни постапки со барање за изрекување на опомени, на предлог на Привремената комисија за следење на медиумско претставување, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поднесе против осум радиодифузери поради констатирано прекршување на член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот

Во контекстот на предметот на оваа анализа, во продолжение се елаборираат 68-те прекршочни постапки кои Агенцијата на предлог на Привремената Комисија за следење на медиумско претставување, согласно одредбите од Изборниот законик и Законот за прекршоците, ги поведе против радиодифузерите и нивните одговорни лица пред надлежните судови, за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои се одржаа на 11-ти декември 2016 година.

Најголемиот дел (43) од вкупно поднесени барања за поведување на прекршочна постапка во овој изборен период (68), беа барања за поведување прекршочни постапки со предлог судот да изрече опомена согласно одредбите од Изборниот законик, со оглед дека станува збор за прекршоци кои радиодифузерите ги сторија за прв пат.

Преостанатите прекршочни постапки (25) кои Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на предлог на Привремената Комисија за следење на медиумско претставување ги поведе за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои се одржаа на 11-ти декември 2016 година, беа прекршочни постапки со предлог судот да изрече глоби согласно одредбите од Изборниот законик, со оглед дека станува збор за прекршоци кои радиодифузерите ги повторија. Пред да ги поднесе овие 25 барања за поведување на прекршочна постапка со предлог судот да изрече глоби (на радиодифузерите и одговорните лице кои го повторија прекршокот), во согласност со одредбите од Законот за прекршоците Агенцијата на сторителите на прекршоците им предложи 25 забрзани постапки за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог. Од нив, 4 предложени забрзани постапки за порамнување завршија успешно со порамнување во постапката спроведена пред Агенцијата, а преостаните 21 предложена забрзана постапка за порамнување завршија неуспешно, следствено на што од страна на Агенцијата овие постапки беа процесуирани како барања за поведување на прекршочни постапки до надлежните судови. Како што на почетокот од оваа глава беше напоменато, една прекршочна постапка по доставен предлог од Привремената комисија за следење на медиумско претставување беше повлечена.

### 4.1. Прекршочни постапки со барање за изрекување опомена

За време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 11-ти декември 2016 година, на предлог на Привремената комисија за следење на медиумско претставување, за констатирани прекршувања на Изборниот законик кои радиодифузерите ги сториja за прв пат, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до надлежниот суд поднесе 43 прекршочни постапки со барање за изрекување опомена.

законик, односно поради необезбедување покривање на изборите на правичен, избалансиран и на непристрасен начин и неовозможување подеднакви услови за пристап до програмите на сите организатори на изборна кампања.

Исто така, за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 11 декември 2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на предлог на Привремената комисија за следење на медиумско претставување, во анализираниот период, поведе (5) пет прекршочни постапки со барање за изрекување опомени против пет радиодифузери, за прекршувања на член 76 став 4 од Изборниот законик, односно поради емитување платено политичко рекламирање (ППР) во посебни информативни програми.

Поради известување за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции, и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања во функција на изборно медиумско претставување на политички субјект (член 75-б од Изборниот законик), Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поведе (3) три прекршочни постапки со барање за изрекување опомени против тројца радиодифузери.

(2) Две прекршочни постапки со барање за изрекување опомени, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на предлог на Привремената комисија за следење на медиумско претставување, поведе за повреда на член 76 став 2 од Изборниот законик, односно поради јасно неозначување на нарачателот на платено политичко рекламирање.

Од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на предлог на Привремената комисија, до надлежните судови во Република Македонија, во текот на 2016 година, беа поведени вкупно (6) шест прекршочни постапки за повреда на останати одредби од Изборниот законик односно по една прекршочна постапка со барање за изрекување опомена на радиодифузерите, заради следните сторени повреди на Изборниот законик, и тоа:

- учество на водител на програма/презентер ангажиран во подготвување на програми на радиодифузерите во предизборни активности на политички партии, коалиции, групи избирачи и нивни претставници, односно учесници во изборна кампања (член 75-в од Изборниот законик);

- емитување реклами финансирани од Буџетот на Република Македонија спротивно на забраната утврдена во Изборниот законик (член 75-д став 4 од Изборниот законик);

- необезбедување гаранција дека спојувањето на блоковите во два последователни часа два пати по ред нема да биде од иста политичка партија и необезбедување гаранција за наизменична застапеност на политичките партии од власт и опозиција, при распределба

на дополнителното време за рекламирање во еден реален час емитувана програма за ППР (член 75-ѓ став 2 од Изборниот законик);

- објавување изборно пропагандно известување без наведување дека се работи за ППР и неодвојување од другите содржини на медиумите (член 76 став 1 од Изборниот законик);

- објавување изборно пропагандно известување без наведување дека се работи за ППР, негово неодвојување од другите содржини на медиумите и јасно неозначување на нарачателот на ППР (член 76 став 1 и став 2 од Изборниот законик) и

- објавување на резултатите од испитувањето на јавното мислење, без да се наведат податоците (член 77 став 2 од Изборниот законик).

#### 4.1.1. Исход од поведените прекршочни постапки – опомени

Исходот од поднесените 43 барања за поведување прекршочна постапка со предлог судот да изрече опомени, за повредите на одредбите од Изборниот законик кои радиодифузерите за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 11 декември 2016 година ги сторија прв пат (елаборирани во точка 4.1 од оваа анализа), е следниот: за најголемиот број (33) поднесени барања за поведување на прекршочна постапка со предлог за изрекување опомена, првостепените судови донесоа одлуки. Па така, од страна на првостепениот суд беа донесени 27 одлуки (пресуди/решенија) со кои на обвинетите радиодифузери и нивните одговорни лица им беа изречени опомени. Со пет решенија од страна на првостепениот суд беа отфрлени пет поднесени барања за поведување на прекршочна постапка, поради тоа што по наоѓање на судот дејствието не било прекршок односно обвинетите се ослободени од одговорност. Едно барање за поведување на прекршочна постапка со предлог за изрекување опомена и беше вратено на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги заради спроведување забрзана постапка за порамнување, и покрај тоа што Изборниот законик изрично пропишува дека доколку прекршокот е сторен за прв пат судот ќе изрече прекршочна санкција опомена.

Исходот од овие прекршочни постапки е прикажан на сликата која следи во продолжение на оваа анализа.




Слика бр.4 Приказ на исходот од прекршочните постапки – опомени за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија одржани на 11 декември 2016 година

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во законски утврдениот рок поднесе жалби до второстепениот суд против шест решенија на првостепениот суд донесени по повод барањата за поведување на прекршочни постапки. Имено, Агенцијата ги обжали четирите решенија со кои од страна на првостепениот суд беа отфрлени нејзините барања, поради тоа што по наоѓање на судот дејствието опишано во барањето не било прекршок и пресудата со која обвинетите беа ослободени од одговорност, како и поднесе жалба против решението со кое на Агенцијата ѝ беше вратено едно барање за поведување на прекршочна постапка со предлог за изрекување опомена, заради спроведување на постапка за порамнување, и покрај тоа што Изборниот законик изрично пропишува дека доколку прекршокот е сторен за прв пат судот ќе изрече прекршочна санкција опомена.

По повод шестте вложени жалби на Агенцијата против шестте одлуки на првостепениот суд, беа донесени 3 (три) решенија од страна на второстепениот суд. Па така, во два случаи беа одбиени жалбите на Агенцијата како неосновани и беа потврдени 2

(две) првостепени одлуки со кои беа отфрлени барањата за поведување на прекршочна постапка на Агенцијата со предлог за изрекување опомена поради тоа што дејствијата опишани во барањата не биле прекршок. Исто така, од страна на второстепениот суд беше потврдено решението на првостепениот суд, со кое на Агенцијата и беше вратено 1 (едно) барање за поведување на прекршочна постапка со предлог за изрекување опомена заради спроведување на постапка за порамнување. Преостанатите три од шестте вложени жалби на Агенцијата до второстепениот суд, против две решенија со кои првостепениот суд ги отфрла барањата наоѓајќи дека дејствијата опишани во истите не биле прекршок односно против една пресуда со која обвинетите ги ослободува од одговорност, до моментот на изработката на оваа анализа се во тек.

Преостанатите 10 постапки поведени по повод поднесените барања за поведување на прекршочна постапка со предлог за изрекување мерка – опомена, до моментот на изработката на оваа анализа се во тек. За четири од овие 10 прекршочни постапки во тек се рочишта, а за 5 поднесени барања за поведување прекршочна постапка со предлог судот да изрече опомена, завршени се рочиштата и се очекува доставување на судски одлуки. По повод едно поднесено барање од страна на Агенцијата Основниот суд нема доставено ниту покана за закажано рочиште ниту одлука.

Во однос на погоренаведеното решение на Основниот суд (во прекршочната постапка во која Агенцијата согласно одредбите од Изборниот законик му предложи на судот на сторителите на прекршокот да им изрече опомени бидејќи станувашe збор за прекршок сторен по прв пат), согласно кое барањето на Агенцијата и беше вратено заради спроведување постапка за порамнување и спогодување, кое решение и покрај жалбата на Агенцијата, беше потврдено од страна на Апелациониот суд, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија, достави претставка за разгледување и преиспитување на работата на судијата на првостепениот суд и на советот на судии од Апелациониот суд кои одлучуваа по барањето и жалбата на Агенцијата. Претставката беше доставена со оглед дека неспроведливо е правосилното решение на првостепениот суд со насока Агенцијата да спроведе постапка за порамнување и спогодување, во случај кога Изборниот законик изрично пропишува дека за прекршок кој е сторен за прв пат судот изрекува опомена.

Исто така, во врска со решението на Апелациониот суд со кое тој го потврди првостепеното решение со кое заради спроведување на постапка за порамнување и спогодување на Агенцијата ѝ се врати барањето за поведување прекршочна постапка со предлог судот да изрече опомена согласно Изборниот законик (бидејќи станувашe збор за прекршок сторен за прв пат), а со цел Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски

услуги како државен орган кој има законска должност да го обезбеди извршувањето на судското решение, од нејзина страна беше поднесено барање до Јавното обвинителство на Република Македонија за доставување стручно мислење и поднесување на барање за заштита на законитост.

Прегледот на прекршочните постапки со барања за изрекување опомени, поведени за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 11 декември 2016 година, со детални податоци за постапките е даден во прилог на оваа Анализа како Прилог број 2.

## 4.2. Поведени прекршочни постапки со барање за изрекување глоба

За време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои се одржаа на 11 декември 2016 година, поради констатирани повреди на одредби од Изборниот законик, кои прекршоци радиодифузерите ги повторија, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на предлог на Привремената комисија за следење на медиумско претставување, согласно одредбите од Законот за прекршоците, на сторителите на прекршоците на Изборниот законик им предложи 25 забрзани постапки за порамнување – постапка за издавање на прекршочен платен налог. Имено, на радиодифузерите кои сторија повреди на Изборниот законик (за кои повреди истиот законик пропишува глоби), Агенцијата им предложи забрзани постапки за порамнување. Ова, од причина што Агенцијата постапуваше согласно насока дадена од страна на Основниот суд Скопје 1 Скопје, по повод прекршочна постапка поведена од страна на Агенцијата за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија распишани за 5 јуни 2016 година, кои избори не се одржаа, кога на Агенцијата со допис ѝ беше вратено барањето за поведување на прекршочна постапка против радиодифузер и неговото одговорно лице заради спроведување целосна забрзана постапка – постапка за порамнување (како што беше претходно наведено во глава 3 од оваа анализа).

Од вкупно предложените 25 забрзани постапки за порамнување, најголемиот број забрзани постапки за порамнување (21) завршија неуспешно, а само мал број (4) забрзани постапки за порамнување завршија успешно односно радиодифузерите и нивните одговорни лица во рок од 8 (осум) дена од приемот на прекршочниот платен налог ги платија глобите утврдени во истиот.

Прекршочните постапки кои завршија неуспешно во постапката за порамнување (21), од страна на Агенцијата беа процесуирани со барања за поведување на прекршочни постапки со предлог надлежните судови да изречат глоби согласно одредбите од Изборниот законик. Во продолжение на оваа анализа даден е графички приказ на поведените прекршочни постапки со барање за изрекување глоби, од страна на

регулаторното тело против радиодифузерите кои сторија повреди на одредбите од Изборниот законик за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои се одржаа на 11 декември 2016 година, така што поведените прекршочните постапки во овој изборен период се прикажани по одредби од Изборниот законик за чија повреда истите беа поведени.




*Слика бр.5 Графички приказ на поведени прекршочни постапки со барање за изрекување глоба по одредби од ИЗ*

Видно од графичкиот приказ на сликата бр.5, заради необезбедување покривање на изборите на правичен, избалансиран и на непристрасен начин/неовозможување подеднакви услови за пристап до програмите на сите организатори на изборна кампања (член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик), до надлежниот суд од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на предлог на Привремената комисија за следење на медиумско претставување беа поведени (8) осум прекршочни постапки со барање за изрекување глоби.

За повреда на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик (емитување повеќе од 8 минути ППР во еден реален час за политичките партии на власт или опозиција, или емитување повеќе од 1 минута ППР за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои немаат пратеничка група и за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија), од страна на Агенцијата на предлог на Привремената комисија беа поднесени седум барања за поведување на прекршочна постапка со предлог за изрекување глоба.

Четири прекршочни постапки со барање за изрекување глоба, до надлежниот суд регулаторното тело на предлог на Привремената комисија поднесе поради известување за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во функција на изборно медиумско претставување на еден политички субјект (член 75-б од Изборниот законик).

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на предлог на Привремената комисија за следење на медиумско претставување поведе три прекршочни постапки со барање за изрекување глоба поради емитување платено политичко рекламирање во посебни информативни програми (член 76 став 4 од Изборниот законик).

Три прекршочни постапки беа поведени против радиодифузери кои го прекршија изборниот молк (член 76-б став 3 од Изборниот Законик).

### 4.2.1. Исход од поведените прекршочни постапки – глоби

Исходот од поднесеното 21 барање за поведување прекршочна постапка со предлог судот да изрече глоби за повредите на одредбите од Изборниот законик кои радиодифузерите ги сторија за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои се одржаа на 11 декември 2016 година, (обработени во точка 4.2 од оваа анализа), најнапред е прикажан на Сликата бр.6, а потоа во продолжение е и елабориран.




Слика бр.6 Приказ на исходот од прекршочните постапки – глоби
за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија
одржани на 11 декември 2016 година

Од вкупно 21 поведена прекршочна постапка со барање за изрекување глоби донесени се 19 одлуки од страна на првостепените судови, од кои дури 17 решенија со кои беа отфрлени поднесените барања на Агенцијата за поведување на прекршочни постапки со предлог за изрекување глоби, поради тоа што судот сметал дека истите се ненавремени. Во образложението на решенијата (со кои барањата на Агенцијата беа отфрлени поради ненавременост), како причина за ваквите одлуки на судот, беше наведено тоа дека од членот 76-в став 3 од Изборниот законик произлегувало дека законодавецот утврдил рок од 48 часа за покренување постапка пред надлежен суд, дека рокот почнувал да тече од констатирањето на прекршокот, како и дека покренувањето на постапка во пропишаниот рок од 48 часа било утврдено како должност, што по наоѓање на судот упатувало на заклучок дека ваквиот рок од 48 часа бил законски преклузивен и истиот неможел да се продолжува.

Во однос на забрзаните постапки за порамнување кои Агенцијата им ги предложи на сторителите на прекршокот во овие постапки, Судот наведе дека истите ги имал предвид, но по негово наоѓање тие немале влијание за негово поинакво одлучување. Исто така, во образложението на своите решенија Судот наведе дека тоа што во Изборниот законик не било пропишано спроведување на една од забрзаните постапки упатувало на заклучок дека прекршочните предмети по Изборниот законик имале итен карактер, по нив се постапувало во кратки и преклузни рокови односно дека кај законодавецот не постоела интенција за спроведување на една од забрзаните постапки.

По едно барање за поведување прекршочна постапка со предлог за изрекување глоба, поднесено од страна на Агенцијата, првостепениот суд донесе пресуда со која на обвинетиот радиодифузер и неговото одговорното лице им изрече опомени, и покрај тоа што се работеше за повторен прекршок, за кој Изборниот законик изрично пропишува изрекување на глоби.

Од страна на првостепениот суд беше донесено едно решение со кое на барање на Агенцијата, доставено до Судот по повод предлог на Привремената комисија (како што беше наведено во глава 4 од оваа Анализа), една прекршочна постапка беше запрена.

Две прекршочни постапки со барање за изрекување глоби од вкупно 21 поведена постапка, се во тек пред првостепениот суд и за нив од страна на судот до Агенцијата не е доставена ниту одлука ниту покана за рочиште.

Агенцијата поднесе жалби против 18 одлуки на првостепениот суд односно 17 жалби против 17 решенија со кои првостепениот суд поради ненавременост отфрли 17 барања за поведување прекршочни постапки со предлози за изрекување глоби. Исто така, Агенцијата ја обжали и одлуката на првостепениот суд со која по барањето за поведување на прекршочна постапка со предлог судот да изрече глоба на обвинетиот радиодифузер и неговото одговорно лице (бидејќи станува збор за прекршок кој обвинетите го повторија и за кој Изборниот законик предвидува глоба), судот им изрече опомени на обвинетите.

Жалбите на Агенцијата против 17 решенија на првостепениот суд со кои беа отфрлени нејзините барања за поведување прекршочни постапки со предлог за изрекување глоби, се темелеа на околноста дека со цел Агенцијата од една страна да го запази рокот од 48 часа, во кој таа е должна по утврдување на прекршување на одредбите од Изборниот законик да покрене прекршочна постапка, а од друга страна да ја исполни нејзината законска должност како овластен орган за поведување на прекршочна постапка, на сторителите да им предложи забрзана постапка за порамнување, Агенцијата во рок од 48 часа по утврдување на прекршоците состави записници за констатирани прекршоци, изготви покани за постапки за порамнување за сторителите на прекршокот и прекршочни платни налози, како и дека поканите за постапките за порамнување, заедно со записниците за

констатиран прекршок, Агенцијата им ги достави на обвинетите во рок од 48 часа од утврдувањето на прекршокот. Исто така, во поднесените жалби Агенцијата наведе дека е нереално наоѓањето на Судот дека поднесените барања на Агенцијата се ненавремени, со оглед дека самата природа на забрзаната постапка за порамнување, која Агенцијата согласно Законот за прекршоците, како и дадената насока од страна на судот, е должна да им ја предложи на сторителите на прекршоците, опфаќа повеќе процесни дејствија: составување записник за констатиран прекршок, изготвување на покани за сторителите на прекршокот, уредно доставување на поканите до сторителите на прекршокот (што подразбира испраќање и добивање доказ за нивен прием – повратница), изработка на прекршочен платен налог, доаѓање на сторителите во Агенцијата на постапка за порамнување, изготвување записник за успешно/неуспешно спроведена забрзана постапка за порамнување, како и други дејствија кои ги презема сторителот – уплата на глоби (за која Законот за прекршоците пропишува да биде извршена во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог), доставување доказ за извршена уплата на глобите и сл., кои поради нивната природа неможат да се реализираат во рок од 48 часа, така што во случај кога сторителите не се согласни на постапката за порамнување, Агенцијата, па ниту било кој друг овластен подносител на барање за поведување на прекршочна постапка објективно не би можел во рок од 48 часа и да спроведе постапка за порамнување и да поднесе барање за поведување прекршочна постапка. Во однос на рокот за поднесување на барањата за поведување на прекршочна постапка од страна на Агенцијата (48 часа по утврдување на прекршокот), за кој рок во своите решенија првостепениот суд заземе став дека е преклузивен и истиот неможел да се продолжува, Агенцијата во своите жалби истакна дека и самиот Суд, за одлучување по поднесено барање за прекршочна постапка за сторени повреди на Изборниот законик, согласно член 76-в став 4 бил должен да одлучи во ист рок од 48 часа од денот на приемот на барањето, а тој тоа не го сторил, со што евидентно е различното засметување од страна на првостепениот суд на рокот за преземање процесно дејствие од страна на овластениот орган за поведување на прекршочна постапка (Агенцијата), наспроти засметувањето на преклузивниот рок во кој Судот бил должен да донесе одлука по барањето за прекршочна постапка (во рок од 48 часа од денот на приемот на барањето), кои рокови се пропишани со ист пропис – Изборниот законик, следствено на што Судот на различен начин упатува на преклузивност на рокот кога се работи за Агенцијата како овластен подносител на барање за поведување прекршочна постапка, наспроти рокот за одлучување од страна на Судот.

Оттука, имајќи го предвид постојното законско решение, се наметна логичен заклучок дека постапка за порамнување, без притоа да биде отфрлено барањето на Агенцијата како

ненавремено, би можел да спроведе единствено судот, и тоа откако Агенцијата ќе покрене прекршочна постапка во рок од 48 часа по утврдувањето на прекршокот.

Од вкупно 18 поднесени жалби од страна на Агенцијата до второстепениот суд (17 против одлуките за отфрлање на барањата поради ненавременост и 1 против одлуката со која првостепениот суд изрече опомени, а не глоби согласно Изборниот законик), Апелациониот суд одлучи во 12 жалбени постапки, на начин што донесе 12 решенија со кои по повод жалбите на Агенцијата како подносител на барањата, а по службена должност ги укина решенијата на првостепениот суд и предметите ги врати на повторно одлучување.

Во образложенијата на своите решенија, како причина за ваквата своја одлука, Апелациониот суд го наведе тоа дека од страна на првостепениот суд била сторена суштествена повреда на одредбите на прекршочната постапка. Во однос на рокот пропишан во член 76-в став 3 Изборниот законик (48 часа по утврдување на прекршување на одредбите од Изборниот законик Агенцијата да покрене прекршочна постапка против сторителите) Апелациониот суд најде дека во наведениот член од Изборниот законик ниту во друга негова одредба не била наведена последица дека ако во рок од 48 часа од сторување на прекршокот не било поднесено барање за поведување на прекршочна постапка до судот, подносителот го губи правото да постапува по истото, односно дека истото ќе биде отфрлено како ненавремено, како и дека одредбата од член 43 став 8 од Законот за прекршоците, генерално предвидувала посебните закони да предвидат рокови за поведување на постапките, но поголеми од оние предвидени во член 43 став 1 од Законот за прекршоците, а не пократки како што погрешно ги толкувал првостепениот суд. Апелациониот суд во своите решенија го изнесе ставот дека должноста на подносителот на барањата во рок од 48 часа од утврдување на прекршоците да покрене прекршочни постапки бил инструктивен рок насочен кон Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поради итноста на постапките и пречекорување на овој рок евентуално би резултирало со дисциплински постапки кон Агенцијата, без притоа конкретно да биде посочено за каква дисциплинска постапка би станувало збор.

Исто така, Апелациониот суд во своите решенија не се изјасни и не зазеде став дали Агенцијата пред да покрене прекршочна постапка потребно е да спроведе забрзана постапка за порамнување или пак дали забрзаната постапка ќе ја спроведува надлежниот прекршочен суд, што и понатаму остави дилема по однос на ова прашање. Останатите прекршочни постапки (6) во кои постапки Агенцијата поднесе жалби на првостепените одлуки се во тек пред второстепениот суд.

По повод 12 погоренаведени решенија на Апелациониот суд со кои беа укинати 12 решенија на Основниот суд со кои како ненавремени беа отфрлени 12 барања за поведување прекршочна постапка од страна на Агенцијата и вратени на повторно

одлучување, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги до Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија, достави претставка за разгледување и преиспитување на работата на судија на првостепениот суд. Претставката беше доставена со оглед дека со своите одлуки судијата на првостепениот суд неизрекувајќи им ја заслужената санкција на сторителите на прекршоците, на начин што неосновано ги отфрла како ненавремени сите барања за поведување прекршочни постапки поднесени од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, придонел оние субјекти кои не го почитуваат законот да бидат ставени во привилегирана положба, наспроти оние кои се придржувале и ја почитувале изборната регулатива. Исто така, во поднесената претставка од страна на Агенцијата беше посочено дека ваквото постапување на судијата на првостепениот суд кој одлучувал по овие предмети, би можело да влијае негативно и на другите радиодифузери, односно да ги мотивира да не го почитуваат Изборниот законик, што крајно би придонело за необезбедување услови за правично, избалансирано и непристрасно медиумско претставување, односно не би им овозможило на учесниците во изборната кампања подеднакви услови за пристап до сите облици на медиумско претставување, што е и целта на изборната регулатива.

Во 12 прекршочни постапки за кои Апелациониот суд, по повод жалбите на Агенцијата како подносител на барањата, а по службена должност ги укина решенијата на првостепениот суд и предметите ги врати на повторно одлучување, Основниот суд при повторното одлучување повторно ги отфрли барањата за поведување на прекршочни постапки на Агенцијата, со наоѓање дека постоеле законски причини поради кои прекршочната постапка не може да се поведе, и покрај дадените насоки од страна на Апелациониот суд - при повторното постапување првостепениот суд да ја отстрани сторената суштествена повреда на одредбите на постапката, на начин да ги има предвид укажувањата од страна на советот на Апелациониот суд и во целост да постапи по нив со што за својата одлука да даде образложени, логични и на законски одредби засновани причини.

Во законски предвидениот рок, Агенцијата за аудио и аудиовиузелни медиумски услуги поднесе 12 жалби до Апелациониот суд против 12 решенија донесени од страна на првостепениот суд при повторно одлучување, со кои решенија од страна на првостепениот суд повторно беа отфрлени барањата за поведување на прекршочни постапки на Агенцијата, со наоѓање дека постоеле законски причини поради кои прекршочните постапки не може да се поведат. Овие жалбени постапки се во тек.

Во врска со дилемите кои што произлегоа при имплементацијата на одредбите од Изборниот законик кои се однесуваа на поведувањето на прекршочните постапки и

донесените судски одлуки, за што погоре во текстот на оваа Анализа е детално објаснето, Агенцијата достави барање за давање на стручно мислење со предлог за измена на Изборниот законик до Министерството за правда на Република Македонија.

Прегледот на прекршочните постапки со барања за изрекување глоби, поведени за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, одржани на 11 декември 2016 година, со детални податоци за постапките е даден во прилог на оваа Анализа како Прилог број 3.

## 5. Компаративна анализа на исходот од постапките за порамнување во изборни циклуси во периодот од 2011 – 2016 година

Врз основа на анализираните податоци во однос на забрзаните постапки за порамнување за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои се одржаа во декември 2016 година, разработени погоре во оваа Анализа (глава 4), односно дека од вкупно 25 предложени забрзани постапки за порамнување само во 4 случаи радиодифузерите и нивните одговорни лица, се согласија на предложената постапка за порамнување и ги платија глобите согласно издадените прекршочни платни налози, се воочи дека за прекршувањата на Изборниот законик за време на одржаните Предвремени парламентарни избори на 11 декември 2016 година, радиодифузерите скоро воопшто не покажаа интерес да ги прифатат понудените постапки за порамнување.

Со цел да се направи компарација на исходот од постапките за порамнување кои Агенцијата во 2016 година им ги предложи на сторителите на прекршоците од Изборниот законик, со исходот од постапките за порамнување предложени од страна на регулаторното тело во изминатите години во кои се одржаа избори во Република Македонија, во продолжение на оваа Анализа даден е графички приказ на исходот од постапките за порамнување предложени за време на Предвремените парламентарни избори одржани во 2011 година, Локалните избори одржани во 2013 година, Предвремените парламентарни избори одржани во 2014 година, Предвремените парламентарни избори (распишани но неодржани) во 2016 година и Предвремените парламентарни избори одржани на 11-ти декември 2016 година.




Слика бр.7 Графички приказ на исходот од постапките за порамнување

Видно од графичкиот приказ, во однос на предложените забрзани постапки за порамнување, може да се каже дека во 2011 година (72%) и 2013 година (70%) радиодифузерите не покажале голем интерес односно не ја прифатиле поканата на Агенцијата за спроведување на постапка за порамнување. Во 2014 година само 26% од радиодифузерите кои сторија повреди на Изборниот законик не се согласиле на предложената постапка за порамнување, а дури 74% ја прифатиле поканата и постапките за порамнување завршиле успешно. Во 2016 година (84%) се повторува трендот на незаинтересираност од страна на сторителите на прекршокот за прифаќање на поканата на Агенцијата за спроведување на постапка за порамнување, по што постапките продолжиле пред надлежните судови.

Имајќи предвид дека во 2014 година е највисок процентот на успешно спроведени постапки за порамнување (74%), наспроти 2016 година, каде процентот на успешно спроведени постапки за порамнување е значително низок, а со оглед на тоа дека висината на глобите во 2014 година е само малку повисока во однос на висината на глобите во 2016 година, останува претпоставката дека можеби крајниот исход од предметните постапки пред надлежните судови кои се во тек, ќе даде одредени одговори за причините зошто радиодифузерите немале интерес да ги прифатат понудените забрзани постапки – постапки за порамнување. Во смисла на напред наведеното, останува ова прашање да биде предмет на некоја понатамошна анализа.

## 6. Согледувања за начинот на толкувањето на прописите од страна на основните судови во врска со спроведувањето на забрзани постапки за порамнување од страна на Агенцијата

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои беа закажани за 5 јуни 2016 година (кои избори не се одржаа), како и за време на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои се одржаа на 11-ти декември 2016 година, при постапувањето во рамките на своите законски надлежности согласно член 76-в став 3 Изборниот законик, во рок од 48 часа по утврдување на прекршување на одредбите од Изборниот законик против сторителите да покрене прекршочна постапка, а притоа имплементирајќи го и Законот за прекршоците, кој од друга страна пропишува задолжително предлагање на забрзана постапка на сторителите на прекршокот пред да биде поднесено барањето за поведување на прекршочна постапка се соочи со различно толкување на прописите (Изборниот законик и Законот за прекршоците) од страна на судовите во однос на задолжителноста од спроведување на забрзана постапка за порамнување.

Подолу следи слика со илустрација на различното толкување на прописите од страна на првостепените судови во врска со спроведувањето на забрзани постапки за порамнување од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и на начинот на нивното одлучување по повод поднесените барања за поведување на прекршочни постапки од страна на Агенцијата.




Слика бр.8
Илустрација на толкувањето на прописите од страна на првостепените судови во врска со спроведувањето забрзани постапки за порамнување

Па така, според еден судија од првостепен суд забрзаната постапка за порамнување е задолжителна, додека пак за друг судија од првостепен суд спроведување на забрзана постапка за порамнување не е должност на секој подносител, туку истото е условено и им припаѓа на сторителите само ако е пропишано со закон.

7. **Согледувања за почитувањето на рокот за одлучување на судовите и за определувањето на рокот од страна на судот во кој може да се изјави жалба против првостепената одлука**

Согласно член 76-в од Изборниот законик, пропишано е дека надлежниот суд е должен по барање за прекршочна постапка на Агенцијата да одлучи во рок од 48 часа од денот на приемот на барањето, дека против одлуката на надлежниот суд може да се изјави жалба во рок 24 часа од приемот на одлуката, а дека второстепениот суд е должен по жалбата да одлучи во рок од 48 часа од денот на нејзиниот прием. Меѓутоа, судовите при донесување на своите одлуки постапуваа во подолги рокови од пропишаниот рок во Изборниот законик. Ова е прикажано во табелата подолу (Табела бр.1).

| Судии | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Основен суд | | | | Апелационен суд | |
| | Судија А | Судија Б | Судија В | Судија Г | Судија Д |
| Период на постапување од најкраток до најдолг рок по судија (изразено во денови) | 16 | 2 | 40 | 1 | 59 |
| | 44 | 35 | 53 | 3 | |
| | 45 | 48 | 54 | 89 | |
| | 48 | 55 | 57 | 96 | |
| | 63 | 57 | 59 | 99 | |
| | 65 | 60 | 86 | 100 | |
| | 80 | 61 | 145 | 104 | |
| | | 62 | | | |
| | | 74 | | | |
| | | 80 | | | |
| | | 81 | | | |
| | | 104 | | | |
| | | 126 | | | |

| | |
|---|---|
| Најкраток рок на постапување | 1 ден |
| Најдолг рок на постапување | 145 дена |

Табела бр.1

Приказ на роковите во кои судовите ги донесуваа своите одлуки

И покрај тоа што за изборите како исклучително значаен сегмент во едно демократско општество, е особено значајна прекршочно правната заштита да биде обезбедена непосредно по утврдувањето на прекршокот, а секако во времето на актуелноста на изборниот процес и резултатите од истиот, може да се констатира дека судовите за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2016 година, при донесувањето на своите одлуки не се придржуваа до пропишаните рокови во Изборниот законик, односно основните судови да донесат одлука во

рок од 48 часа од денот на приемот на барањето, додека пак апелационите судови да одлучат по жалбата во рок од 48 часа од денот на нејзиниот прием, што е видно од табелата погоре (Табела бр.1). Најкраткиот рок за постапување од страна на судовите бил 1 ден, а најдолгиот рок бил 145 дена.

Исто така, врз основа на анализираните податоци може да се заклучи и дека од страна на првостепените судови беа определувани различни рокови во кои може да се изјави жалба против првостепената одлука од оној кој е пропишан во Изборниот законик (24 часа од приемот на одлуката). Сето претходно, откако беше изанализирано е претставено во Табелата бр.2, од која е видно дека најкраткиот рок за жалба против првостепена одлука бил 24 часа, а најдолгиот рок бил 8 дена.

| Судии | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Судија А | | Судија Б | | Судија В | |
| Рок за жалба од најкраток до најдолг по судија (изразено во часови/денови) | Пресуда | Решение | Пресуда | Решение | Пресуда | Решение |
| | 24 часа | 24 часа | 48 часа | 48 часа | 8 дена | / |
| | | 48 часа | 8 дена | | | |
| | | 3 дена | | | | |

| | Пресуда | Решение |
|---|---|---|
| Најкраток рок за жалба | 24 часа | 24 часа |
| Најдолг рок за жалба | 8 дена | 3 дена |

Табела бр.2
Приказ на определените рокови од страна на првостепените судови во кои може да се изјави жалба против првостепената одлука

## 8. Заклучни согледувања[9]

Особено влијание врз одлуките на судовите по повод поднесените барања за поведување прекршочна постапка на Агенцијата, видно од образложенијата на истите, може да се заклучи дека имаа:

- Одлуката на Уставниот суд на Република Македонија донесена на 25.05.2016 година за поништување на Одлуката за распуштање на Собранието на Република Македонија, („Службен весник на Република Македонија" бр.9/2016) и Одлуката за изменување на Одлуката за распуштање на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.33/2016), кои одлуки по наоѓање на судот имале реперкусии врз предизборниот период кој пролонгиран, почнувајќи од 24 февруари 2016 година течел, се прекинувал и запирал, што наметнало потреба од екстензивно толкување на законските одредби на Изборниот законик при одлучувањето за овие барања за поведување прекршочна постапка.

- Начинот на кој беше пропишан членот 196-в од Изборниот законик дека правилата за медиумското претставување од Изборниот законик се применуваат во периодот од 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година, без притоа да биде децидно наведен денот на одржувањето на изборите, кој се утврдува во акт кој го носи Претседателот на Собранието. Ова влијаеше на начин што судот толкуваше дека примената на правилата за медиумското претставување се врзува со денот на донесување на актот за распишување на изборите, што придонесе во праксата наведените правила, наместо да се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година (како што пропиша Изборниот законик), тие да се применуваат само 55 дена (почнувајќи од денот на распишувањето на изборите – 18 октомври 2016 година).
- Целосната измена на член 178-а од Изборниот законик во ноември 2015 година („Службен весник на Република Македонија" бр.195/15), која изрично ја пропишуваше обврската за спроведување постапка за порамнување пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка, отвори дилеми и нејаснотии за

[9] Заклучните согледувања во оваа Анализа се дадени врз основа на состојбата утврдена до 31 јули 2017 година, кога сеуште се во тек жалбени постапки пред второстепениот суд, кои можеби би имале влијание за давање дополнителни согледувања и препораки.

регулаторното тело дали пред да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка треба да спроведе постапка за порамнување или не, и резултираше со невоедначена пракса во постапувањето на судовите.

## 9. Препораки

Одредбите од Изборниот законик треба да бидат јасно, децидно и изрично пропишани, да бидат применливи во праксата, со цел да не бидат основ за различно толкување при нивната импелементација од страна на судовите, во смисла да бидат отфрлани барањата на Агенцијата, а сторителите на прекршокот да бидат ослободувани од одговорност, како што говори искуството на Агенцијата од изборите во 2016 година.

Со цел да се надмине различното толкување на Изборниот законик што придонесе да бидат отфрлани барањата за поведување на прекршочни постапки на Агенција, што резултираше со правна несигурност и неспроведување на принципот на владеење на правото, се предлага постапката за порамнување да биде изрично пропишана во Изборниот законик, вклучително и со наведување дали таа ја спроведува овластениот подносител на барањето за поведување на прекршочна постапка или судот, при што доколку должноста за спроведување на постапка за порамнување законодавецот пропише да ја спроведува овластениот подносител на барањето за поведување на прекршочна постапка, тогаш во Изборниот законик да се допрецизира дека подносителот ќе пристапи кон спроведување постапка за порамнување веднаш по констатирање на прекршокот, а прекршочната постапка ќе биде покрената пред надлежниот суд во рок од 48 часа, меѓутоа по завршување на постапката за порамнување.

Имајќи предвид дека изборите се исклучително значаен сегмент во едно демократско општество, а значењето на медиумите при изборните процеси е огромно со оглед на нивната општествена функција, јасен е зголемениот интерес за прекршочно правна заштита речиси непосредно по утврдувањето на прекршокот, во времето на актуелноста на изборниот процес и резултатите од истиот, поради што неопходно е судовите своите одлуки да ги носат во роковите пропишани во Изборниот законик.

# ПРИЛОЗИ

**Прилог бр.1**

**Преглед на прекршочните постапки поведени за време на неодржаните предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои беа закажани за 5 јуни 2016 година**

| Ред. бр. | Назив на радиодифузерот (ТРД / јавен радиодифузен сервис) | Архивски број на Барањето за поведување на прекршочна постапка | Прекршен член од Изборниот законик | Фаза на постапката<br>Пресуда на Основниот суд со изречената санкција,<br>Жалба вложена на Пресудата,<br>Пресуда на Апелациониот суд |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, | бр.03-2834/1 од 13.05.2016 | спротивно на забраната пропишана во член 75-б од Изборниот законик, во вестите во 17 часот и 30 минути, во периодот од 25 април до 4 мај 2016 година се емитувани прилози во кои се известува за активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во функција на изборно медиумско претставување на политичката партија ВМРО ДПМНЕ. | Ургенција до Основен Суд Скопје I Скопје, за доставување на одлука/покана, пратена на ден 06.04.2017 |
| 2. | Трговско радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје, | бр.03-2833/1 од 13.05.2016 | спротивно на забраната пропишана во член 75-б од Изборниот законик, во Дневникот во 18 часот, во периодот од 25 април до 4 мај 2016 година, се емитувани прилози во кои се известува за активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во функција на изборно медиумско претставување на политичката партија ВМРО ДПМНЕ. | Ургенција до Основен Суд Скопје I Скопје, за доставување на одлука/покана, пратена на ден 06.04.2017<br><br>Пресуда 15 ПРК-О-399/16 од 14.02.2017 (наш бр.03-2188/1 од 20.04.2017), од Основен суд Скопје I Скопје со која обвинетите се ослободуваат од одговорност,<br><br>Жалба поднесена од Агенцијата, бр.03-2188/2 од 26.04.2017 година,<br><br>Одговор на Жалба (наш бр.03-2188/3) од обвинетите, преку адвокатско друштво, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | И. П., примен на ден 25.05.2017,<br><br>Одговор од Агенцијата, бр.03-2188/4 од 26.05.2017 година во врска со доставен одговор на жалба од страна на обвинетите, доставен преку Основен Суд до Апелационен суд, на 26.05.2017 |
| 3. | Трговско радиодифузно друштво „Телевизија СИТЕЛ“ ДООЕЛ Скопје | Барање, бр.03-2832/1 од 13.05.2016<br><br>Барање, со спроведена постапка за порамнување, бр.03-3381/1 од 29.06.2016 година | спротивно на забраната пропишана во член 75-б од Изборниот законик, во Дневникот во 19 часот, во периодот од 25 април до 4 мај 2016 година, се емитувани прилози во кои се известува за активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во функција на изборно медиумско претставување на политичката партија ВМРО ДПМНЕ. | Допис од Основниот Суд Скопје I Скопје - Враќање на Барањето за поведување на прекршочна постапка заради спроведување на постапка за порамнување XX ПРК бр. 398/16-О од 17.05.2016 (наш бр.03-2832/3 од 09.06.2016)<br><br>Решение XX Прк.бр.398/16-О од 07.12.2016 (наш бр.03-2832/11 од 12.12.2016), од Основен суд Скопје 1 Скопје со кое се отфрла барањето за поведување на прекршочна постапка, бидејќи дејствието опишано во барањето не е прекршок.<br><br>Жалба од Агенцијата бр.03-2832/12 од 13.12.2016<br><br>Одговор на Жалба (наш бр.03-36/1) од обвинетите, преку адвокатско друштво, Н. Д., примен на ден 04.01.2017<br><br>Одговор од Агенцијата бр.03-36/2, во врска со доставен одговор на жалба од страна на обвинетите, доставен преку Основен Суд до Апелационен суд, на 05.01.2017 |

Прилог бр.2

**Преглед на прекршочните постапки со барања за изрекување опомени,**
**поведени за време на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија**
**одржани на 11 декември 2016 година**

| Р. бр. | Назив на Радиодифузер | Прекршен член од Изборен законик | Фаза на постапката<br>Пресуда на Основниот суд со изречената санкција,<br>Жалба вложена на Пресудата,<br>Пресуда на Апелациониот суд |
|---|---|---|---|
| 1 | ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, Прв телевизиски програмски сервис (МРТ1) | спротивно на обврските од член 75-д став 4 од Изборниот законик на програмата на радиодифузерот емитувана во периодот од 2 до 5 септември 2016 година, се емитувани реклами финансирани од Буџетот на Република Македонија | поднесено е Барање од Агенцијата, бр.03-4377/1 за поведување на прекршочна постапка – опомена до надлежен суд на ден 09.09.2016 година |
| 2 | Трговско радиодифузно друштво „Телевизија СИТЕЛ“ ДООЕЛ Скопје | спротивно на обврските од член 75 став 1 од Изборниот законик, не обезбедија изборно медиумско претставување на правичен, избалансиран и на непристрасен начин во дневно информативните емисии емитувани во периодот од 12 до 21 септември 2016 година | поднесено е Барање од Агенцијата, бр.03-4681/1 од 01.10.2016 (примено во суд 03.10.2016) година,<br><br>Решение 20 ПРК-О-732/16 од 07.12.2016 година (заверено со наш бр.03-4681/3 од 12.12.2016), од Основен суд Скопје 1 Скопје со кое се отфрла барањето за поведување на прекршочна постапка, бидејќи дејствието опишано во барањето не е прекршок,<br><br>Жалба од Агенцијата на 13.12.2016 година,<br><br>Одговор на жалба од страна на обвинетите преку адвокатско друштво Н. Д., на ден 04.01.2017<br>Допис од Агенцијата преку Основен суд до Апелационен суд, пратен на 05.01.2017 |
| 3 | Трговско радиодифузно друштво „Телевизија СИТЕЛ“ ДООЕЛ Скопје | спротивно на забраната пропишана во член 75-б од Изборниот законик, во Дневникот во 19 часот, емитуван на 13 септември, 17 септември, 18 септември и 21 септември 2016 година, известувањето за редовните активности на органите на власта, сé во функција на изборно медиумско | поднесено е Барање од Агенцијата, бр.03-4682/1 од 01.10.2016 година<br><br>Решение 20 ПРК-О-733/16 од 07.12.2016 година (заверено со наш бр.03-4682/3 од 12.12.2016), од Основен суд Скопје 1 Скопје со кое се отфрла барањето за поведување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | претставување на политичкиот субјект - ВМРО-ДПМНЕ | прекршочна постапка, бидејќи дејствието опишано во барањето не е прекршок.<br><br>Жалба од Агенцијата на 13.12.2016 година,<br><br>Одговор на жалба од страна на обвинетите преку адвокатско друштво Н. Д., на ден 04.01.2017<br>Допис од Агенцијата преку Основен суд до Апелационен суд, пратен на 05.01.2017 година |
| 4 | Трговското Радиодифузно друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА“ ДООЕЛ Скопје | спротивно на обврските од член 75 став 1 од Изборниот законик, не обезбедија изборно медиумско претставување на правичен, избалансиран и на непристрасен начин во дневно- информативните емисии и во посебно информативна емисија (дебатна емисија), емитувани во периодот од 12 до 21 септември 2016 година | поднесено е Барање од Агенцијата, бр.03-4680/1 од 01.10.2016 година<br><br>Решение 18 ПРК-О-731/16 од 05.10.2016 година (наш бр.03-4680/3 од 20.10.2016), од Основен суд Скопје 1 Скопје со кое се отфрла барањето за поведување на прекршочна постапка, бидејќи дејствието опишано во барањето не е прекршок согласно член 93 став 1 во врска со став 2 алинеја 1 од Законот за прекршоците.<br><br>Жалба од Агенцијата, испратена на ден 21.10.2016 година.<br><br>Добиено Решение од Апелационен суд Скопје, ПРКЖ-2466/16 (наш бр.03-4680/5 од 04.11.2016) со кое се одбива жалбата на Агенцијата како неоснована |
| 5 | Трговското Радиодифузно друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА“ ДООЕЛ Скопје | спротивно на забраната од член 75-б од Изборниот законик, во дневно – информативната емисија – Вестите Обсервер во 19 часот, емитувани на 22 септември, 25 септември, 29 септември, 30 септември и 1-ви октомври 2016 година, известувањето за редовните активности на државните органи и на државните институции, ѐ во функција на изборно медиумско претставување на политичкиот субјект (ВМРО-ДПМНЕ), | поднесено е Барање од Агенцијата, бр.03-4833/1 за поведување на прекршочна постапка до надлежен суд на ден 10.10.2016 година<br><br>Решение 18 ПРК-О-771/16 од 14.10.2016 година (наш бр.03-4833/3 од 31.10.2016), од Основен суд Скопје 1 Скопје со кое се отфрла барањето за поведување на прекршочна постапка, бидејќи дејствието опишано во барањето не е прекршок согласно член 93 став 1 в.в. став 2 алинеја 1 од Законот за прекршоците.<br><br>Жалба од Агенцијата испратена на ден 01.11. 2016 година<br><br>Добиено е Решение од Апелационен суд Скопје, ПРКЖ-2528/16 (наш бр.03-4833/5 од 23.11.2016) со кое се одбива жалбата на Агенцијата како неоснована |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6 | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје | спротивно на забраната од член 75-б од Изборниот законик, во Вестите во 17:30 часот, емитувани на 22 септември, 24 септември, 25 септември, 29 септември и 30 септември 2016 година, известувањето за редовни активности на државни органи и на државни институции е во функција на изборно медиумско претставување на политичкиот субјект (ВМРО-ДПМНЕ) | поднесено е Барање од Агенцијата, бр. 03-4831/1 за поведување на прекршочна постапка до надлежен суд на ден 10.10.2016 година |
| 7 | Трговско радиодифузно друштво „АЛФА ТВ " ДООЕЛ Скопје | спротивно на обврските од член 75 став 1 од Изборниот законик, не обезбедија изборно медиумско претставување на правичен, избалансиран и на непристрасен начин во периодот од 11 до 20 ноември 2016 година | поднесено е Барање од Агенцијата, бр. 03-6139/1 за поведување на прекршочна постапка – опомена до надлежен суд на ден 01.12.2016 година |
| 8 | Трговското Радиодифузно друштво ТВ ШЕЊА ДООЕЛ Скопје | спротивно на обврските од член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од ИЗ, не обезбедија изборно медиумско претставување на правичен, избалансиран и на непристрасен начин во периодот од 21 до 30 ноември 2016 година | поднесено е Барање од Агенцијата, бр.03-6362/1 за поведување на прекршочна постапка – опомена до надлежен суд на ден 11.12.2016 година<br><br>Пресуда 15ПРК-О-1022/16 (наш арх.бр.03-1090/1 од 02.03.2017 година) од Основниот суд Скопје 1 Скопје од 08.02.2017 година со која на обвинетите им се изрекува прекршочна санкција – Опомена |
| 9 | Трговското Радиодифузно друштво КАНАЛ 5 ДООЕЛ Скопје | спротивно на обврските од член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од ИЗ, не обезбедија изборно медиумско претставување на правичен, избалансиран и на непристрасен начин во периодот од 21 до 30 ноември 2016 година | поднесено е Барање од Агенцијата, бр.03-6359/1 за поведување на прекршочна постапка – опомена до надлежен суд на ден 11.12.2016 година<br><br>Пресуда 15ПРК-О-1024/16 (наш арх.бр.03-1092/1 од 02.03.2017 година) од Основниот суд Скопје 1 Скопје од 08.02.2017 година со која на обвинетите им се изрекува прекршочна санкција – Опомена |
| 10 | Трговското Радиодифузно друштво АЛСАТ-М ДОО Скопје | спротивно на обврските од член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од ИЗ, не обезбедија изборно медиумско претставување на правичен, избалансиран и на непристрасен начин во периодот од 21 до 30 ноември 2016 година | поднесено е Барање од Агенцијата, бр.03-6361/1 за поведување на прекршочна постапка – опомена до надлежен суд на ден 11.12.2016 година<br><br>Пресуда 15ПРК-О-1025/16 (наш арх.бр.03-1093/1 од 02.03.2017 година) од Основниот суд Скопје 1 Скопје од 08.02.2017 година со која на обвинетите им се изрекува прекршочна санкција – Опомена |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11 | Трговското Радиодифузно друштво 24-ВЕСТИ ДООЕЛ Штип | спротивно на обврските од член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од ИЗ, не обезбедија изборно медиумско претставување на правичен, избалансиран и на непристрасен начин во периодот од 21 до 30 ноември 2016 година | поднесено е Барање од Агенцијата, бр.03-6369/1 за поведување на прекршочна постапка – опомена до надлежен суд на ден 11.12.2016 година |
| 12 | Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје | спротивно на обврските од член 75 став 1 и став 2 и член 75-а став 1 точка б и став 2 од ИЗ, не обезбедија изборно медиумско претставување на правичен, избалансиран и на непристрасен начин во периодот од 21 до 30 ноември 2016 година | поднесено е Барање од Агенцијата, бр.03-6360/1 за поведување на прекршочна постапка – опомена до надлежен суд на ден 11.12.2016 година<br><br>Пресуда 15ПРК-О-1026/16 (наш арх.бр.03-1089/1 од 02.03.2017 година) од Основниот суд Скопје 1 Скопје од 08.02.2017 година со која на обвинетите им се изрекува прекршочна санкција – Опомена |
| 13 | Трговското радиодифузно друштво „24 ВЕСТИ“ ДООЕЛ Штип | спротивно на член 75-ѓ став 2 од Изборниот законик, при распределба на дополнителното време за рекламирање во еден реален час емитувана програма за платено политичко рекламирање (ППР), на 21 ноември 2016 година програмскиот сервис на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, во неколку последователни реални часа, не обезбеди гаранција дека спојувањето на блоковите во два последователни часа два пати по ред нема да биде од иста политичка партија и не обезбеди гаранција за наизменична застапеност на политичките партии од власт и опозиција. | поднесено е Барање од Агенцијата, бр.03-6038/1 за поведување на прекршочна постапка – опомена до надлежен суд на ден 28.11.2016 година |
| 14 | Трговското Радиодифузно друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА“ ДООЕЛ Скопје | спротивно на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, ТРД ТВ НОВА на 21 и 22 ноември 2016 година емитуваше програма исклучиво наменета за платено политичко рекламирање (ППР), од која за политичката партија на власт Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и др. | поднесено е Барање од Агенцијата, бр.03-6039/1 за поведување на прекршочна постапка – опомена до надлежен суд на ден 28.11.2016 година<br><br>Пресуда ПРК-О-945/16 од 03.04.2017 година (заверена со наш арх.бр.03-2021/1 од 10.04.2017), од Основен суд Скопје 1 Скопје со која на обвинетите им се изрекува прекршочна санкција - Опомена |
| 15 | Трговското радиодифузно друштво „24 ВЕСТИ“ ДООЕЛ Штип | спротивно на одредбите од член 76 став 4 од Изборниот законик, на програмскиот сервис на ТРД 24 Вести емитуван на 21 и 22 ноември 2016 година, на државно ниво, во посебните информативни програми - дебатните емисии „Избори“ емитувано е платено политичко | поднесено е Барање од Агенцијата, бр.03-6037/1 за поведување на прекршочна постапка – опомена до надлежен суд на ден 28.11.2016 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | рекламирање за Коалицијата СДСМ и др., | |
| 16 | Трговското Радиодифузно друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА“ ДООЕЛ Скопје | спротивно на одредбите од член 76 став 4 од Изборниот законик, на програмскиот сервис на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА емитуван на 23 ноември 2016 година, на државно ниво, во посебната информативна програма - дебатната емисија „Аргументи“ емитувано е платено политичко рекламирање за Коалицијата ВМРО ДПМНЕ и др., | поднесено е Барање од Агенцијата, бр.03-6041/1 за поведување на прекршочна постапка – опомена до надлежен суд на ден 28.11.2016 година<br><br>Пресуда од Основниот суд Скопје 1 Скопје ПРК-О-948/16 од 03.04.2017 (заверена со наш арх.бр.03-2022/1 од 10.04.2017) година, со која на обвинетите им се изрекува прекршочна санкција - Опомена |
| 17 | Трговско радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје | спротивно на одредбите од член 75-в од Изборниот законик, ТРД АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, во рамките на својот програмски сервис емитуван на 24 ноември 2016 година, водител на програма кој учествува во предизборни активности на учесник во изборна кампања, истовремено е ангажиран и во програмата на радиодифузерот, и тоа Д. А. го позајмува својот глас во платено политичко рекламирање на Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и др. | поднесено е Барање од Агенцијата, бр.03-6040/1 за поведување на прекршочна постапка – опомена до надлежен суд на ден 28.11.2016 година |
| 18 | Трговското радиодифузно друштво „АЛСАТ-М“ ДОО Скопје | спротивно на член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, ТРД АЛСАТ-М на 21, 22 и 23 ноември 2016 година во неколку реални часови емитувана програма, емитуваше повеќе од 8 минути платено политичко рекламирање за политичките партии во опозиција кои се застапени во Собранието на РМ, и повеќе од 1 минута ППР за полит.партии кои не се застапени во Собранието на РМ | поднесено е Барање од Агенцијата, бр.03-6138/1 за поведување на прекршочна постапка – опомена до надлежен суд на ден 01.12.2016 година<br><br>Пресуда 15 ПРК-О-958/16 од 10.01.2017 година (заверено со наш бр.03-598/1 од 02.02.2017), од Основен суд Скопје 1 Скопје со која на обвинетите им се изрекува прекршочна санкција – Опомена |
| 19 | Трговското радиодифузно друштво „РАДИО КАНАЛ 77“ ДООЕЛ Штип | спротивно на одредбите од член 76 став 4 од Изборниот законик, на програмскиот сервис на ТРД Радио Канал 77 Штип емитуван на 26 ноември 2016 година, на државно ниво, во посебните информативни програми – информативната програма „Моја општина-Општина Куманово“ емитувано е платено политичко рекламирање за Коалицијата СДСМ и др., | поднесено е Барање од Агенцијата, бр.03-6137/1 за поведување на прекршочна постапка – опомена до надлежен суд на ден 01.12.2016 година<br>Пресуда ПРК-О-94/16 од 27.03.2017 година (заверено со наш арх.бр.03-1996/1 од 07.04.2017), од Основниот суд Штип, со која обвинетите се ослободуваат од одговорност<br>Поднесена е Жалба, од страна на Агенцијата, на ден 12.04.2017 година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20 | Трговското Радиодифузно друштво „РЕГИОНАЛНА ТВ УЛТРА“ ДООЕЛ Скопје | спротивно на одредбите од член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, ТРД ТВ УЛТРА на 30 ноември 2016 година во еден реален час емитуваше повеќе од 8 минути платено политичко рекламирање (ППР), за политичките партии на власт - Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и др. | поднесено е Барање од Агенцијата, бр.03-6221/1 за поведување на прекршочна постапка – опомена до надлежен суд на ден 06.12.2016 година<br><br>Пресуда ПРК-О-344/16 (наш арх.бр.03-1211/1 од 09.03.2017 година) од Основниот суд Тетово од 02.02.2017 година, со која обвинетите се огласуваат за виновни и изречена им е прекршочна санкција- Опомена. |
| 21 | Трговското Радиодифузно друштво „КОМПАНИ 21-М“ ДООЕЛ Скопје | спротивно на одредбите од член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, ТРД КОМПАНИ 21-М на 29 ноември 2016 година во еден реален час емитуваше повеќе од 8 минути (ППР), за политичките партии на власт - Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и Демократската унија за интеграција. | поднесено е Барање од Агенцијата, бр.03-6223/1 за поведување на прекршочна постапка – опомена до надлежен суд на ден 06.12.2016 година |
| 22 | Трговското Радиодифузно друштво „ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ“ ДООЕЛ Скопје | спротивно на одредбите од член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ на 30 ноември 2016 година во еден реален час емитуваше повеќе од 8 минути (ППР), за политичките партии на власт - Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и др. | поднесено е Барање од Агенцијата, бр.03-6222/1 за поведување на прекршочна постапка – опомена до надлежен суд на ден 06.12.2016 година<br><br>Пресуда 15ПРК-О-970/16 од 02.03.2017 година (заверено со наш арх.бр.03-1947/1 од 05.04.2017), од Основниот суд Скопје 1 Скопје со која на обвинетите им се изрекува Опомена |
| 23 | Радиодифузно друштво „НАША ТВ“ ДООЕЛ Скопје | спротивно на одредбите од член 76 став 4 од Изборниот законик, на програмскиот сервис на НАША ТВ емитуван на 29 ноември 2016 година, на државно ниво, во посебните информативни програми – информативната програма „Интервју“ емитувано е платено политичко рекламирање за Коалицијата ВМРО-ДПМНЕ и др., | поднесено е Барање од Агенцијата, 03-6224/1 за поведување на прекршочна постапка – опомена до надлежен суд на ден 06.12.2016 година<br><br>Пресуда XX Прк.бр.972/16-О од 23.01.2017 година (заверено со наш бр.03-516/1 од 25.01.2017), од Основен суд Скопје 1 Скопје со која на обвинетите им се изрекува Опомена |
| 24 | Трговското Радиодифузно друштво „К ТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА“ ДООЕЛ Куманово | спротивно на одредбите од член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, ТРД К ТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА на 4 декември 2016 година во еден реален час емитуваше повеќе од 8 минути (ППР), за политичките партии на власт - Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и др. | поднесено е Барање од Агенцијата, бр.03-6342/1 за поведување на прекршочна постапка – опомена до надлежен суд на ден 09.12.2016 година<br><br>Пресуда 1 ПРК-О-220/16 (наш арх.бр.03-2072/1 од 12.04.2017 година) од Основниот суд Куманово од 15.02.2017 година со која на обвинетите им се изрекува прекршочна санкција – Опомена |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 25 | Трговско радиодифузно друштво „ТВ МТМ“ ДООЕЛ Скопје | спротивно на одредбите од член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, ТРД ТВ МТМ на 2 декември 2016 година во еден реален час емитуваше повеќе од 8 минути (ППР), за политичките партии на власт - Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и др. | поднесено е Барање од Агенцијата, бр.03-6341/1 за поведување на прекршочна постапка – опомена до надлежен суд на ден 09.12.2016 година<br><br>Пресуда XX Прк.бр.998/16-О од 25.01.2017 година (заверено со наш бр.03-527/1 од 26.01.2017), од Основен суд Скопје 1 Скопје со која на обвинетите им се изрекува Опомена |
